Јован ПЕЈКОВСКИ

**УДК: 338.124.4(100)**

# ЕКОНОМСКА И/ИЛИ СОЦИЈАЛНА КРИЗА

***Кратка содржина***

*Финансиската криза што започна во 2008 година во САД многу бргу се рашири во глобално поврзаниот пазар прераснувајќи од финансиска во глобална економска криза. Проширувајќи се и врз реалната економија, кризата се изрази како ограничувачки фактор на економскиот и социјалниот опстанок. Се поставува прашање дали кризата во натамошните процеси од финансиска и економска ќе се претвори во социјална и во системска криза што ги доведува во прашање основните постулати на економското и секојдневното работењето врз кои базираат пазарните економии.*

*Кои се можните решенија за справување со кризата и како се согледуваат влијанијата по одделни земји, се основните прашања кои се согледуваат во овој труд. Преку анализа на движењата во оддлени економски и финансиски параметри, како и преку изразените социјални појави и ризици се согледуваат насоките во кои може да се движат државите во барањето на излезни решенија.*

***Клучни зборови:*** *КРИЗА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА, МОЖНИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА, СИСТЕМСКИ ВЛИЈАНИЈА И ОГРАНИЧУВАЊА*

Светската економска криза во изминатата и оваа година се изразува во најсилна форма. Се споредува со појавни облици на кризи и негативни ефекти кои се мерат во изминатите децениии. Споредбите најчесто се прават со случувањата предизвикани од Големата економска криза од триесетите години. Имено, по еден подолг период на економски просперитет т.н. златни дваесетти години на минатиот век, се случува крах на берзите, пропаѓање на цела низа стопански субјекти, па и цели стопански гранки што создава долгорочен застој во развојот на економиите. Следат пропаѓања и промени кои доведуваат до појави на екстремни идеологии и системи кои го разгоруваат национализмот, појавата на фашизмот, следат војни за стратешки суровини и територии и на крај втората светска војна.

Излегувањето од Големата економска криза е различно, односно за одделни држави има различен период на траење. Така, некои држави со кризата се справуваат после четири или пет години, додека одделни

држави тоа им успева со подготовките за војна и агресија, а други излегуваат од кризата по десетина години, дури во текот или после завршување на војната.

Ако се спореди и самиот назив на кризата, кој упатува на слом на цели национални економии во носечките индустриски држави од тој период (САД, Велика Британија, земјите од Европа, Азија), тогаш е јасно зошто овие споредби имаат основа и се причина за загриженост во светот од бројните пропаѓања на банките, банкротствата, пад на акциите на берзите, промена на цените на суровините, храната и енергенсите. Иако разлики во споредбите постојат, одделни манифестации на кризата како што се: масовна невработеност, отпуштање од работа, затворања на компании, пропаѓање на банки, банкротства, појава на дефлација и слично упатуваат на елементи кои треба да се земат предвид и да се проучат. Тоа особено станува важно со оглед на средствата, методите и формите кои се применети за излез од кризата и за динамизирање на економиите на водечките држави. Затоа и се компарираат кејнсијанските мерки од тиесетите години кои придонесоа за излез од кризата. Имено, американскиот претседател Рузвелт во 1933 година го применува планот познат како Њу дил, што е всушност збир на мерки за финансирање на јавни работи, мерки за покренување на инвестиции, зголемено задолжување на државата, односно финансирање на активности со буџетски дефицит на државата и т.н. Сличностите со мерките кои се применуваат во актуелната криза од страна на претседателот на САД Барак Обама се бараат со оглед на фактот дека арсеналот на мерките кои ги препорачуваат неокејнсијанците за излез од криза мора да се осовременат во контекст на глобалните финансиски сосотојби. Имено, доминантно монетаристичките мерки се неопходни со оглед дека кризата започна како финансиска, а продолжува во економската сфера. Така, почетоците на кризата беа со финансиска димензија таа продолжи како економска во реалната сфера, со нагласена социјална димензија, а веројатна е и политичка димензија на кризата која ја согледаа претстедателите на најмоќните држави на групата Г-20 и се заложија за координирани мерки на светско ниво за нејзино совладување.

Дефинитивно моделот на управување во економскиот, политичкиот и социјалниот систем базиран на принципите на слободна пазарната економија е во сериозна криза. Претседателот на Франција изјави дека: „пазарот е мртов државата мора да интервенира“. Заложбите кои постоеја и сеуште силно се изразуваат за одржување и вклучување на нови форми

на интервенција го менуваат обликот и карактерот на системот. Тоа го потврдува неопходното државно интервенирање кое повторно е во улога на спасител на економијата и на пазарниот модел на уредување. Несовршеноста на пазарот и неусогласноста на понудата и побарувачката ги продуцира кризите. Пазарен модел како што се заговара од времето на Адам Смит постои веројатно само уште во учебниците по економија и во историските читанки. Современиот пазар, иако глобален и поврзан, е регулиран, со регулаторни тела и механизми, конролиран со антимонополско законодавство, а сепак зависен од државната интервенција.

Глобалниот економски и финансиски систем ослабна со голема брзина. Падот на акциите на берзите во најважните фнасиски центри стана драматичен што се проследува со истовремена криза на производството и раст на цените на храната, суровините и енергијата, кои не можат да бидат регулирани со постојните механизми кои придонесоа за стабилизрање на економиите по втората светска војна. Имено, брентовудските институции: Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка кои беа дизајнирани да ги стабилизираат финансиските текови во светот и да воспостават стабилност на курсевите на валутите и плаќањата на глобална економска основа, не се во можност да функционираат на принципите на кои се поставени. Затоа и тие во периодот од нивното основање (1944 година) до денес претрпеа значителни промени и постојано се усогласуваат со потребите на стабилноста на монетарните и финансиките процеси во светски рамки. Напуштањето на златното важење на валутите, воспоставување на систем на специјални права на влечење и други промени го менија каратерот на овие институции. Заедно билатерално, како и во рамките на Светската трговска организација од 1993 година и афилијациите во состав на системот на Организацијата на обединетите нации, државите настојуваат да изградат механизми кои ќе ги ублажат последиците од кризата и да воспостават пазарни односи како предуслов за одржување на системите на западната демократија базирани на слободите во економското делување.

Значи не само економиите и финансиските системи туку и фундаментите на капитализмот како систем базиран на економски слободи и права се доведува во прашање. Либералниот економски концепт базиран на Тачеровата-Регановата доктрина од осумдесетите години, во 2008 година е дискредитиран. Не може да функционира без државна интервенција со што се менуваат сфаќањата за нејзината пасивна улога. Со тоа и системите на западната демократија се соочуваат не само со економски туку и со

структурни, социјални и политички проблеми кои го ограничуваат нивниот натамошен раст и развој.

Хасот во финансискиот и економскиот систем наметна нови однесувања кај владите на западните пазарни држави. Тие применуваат арсенал на мерки кој значи директна дотација на буџетски средства од државата во банките. Тоа е своевиден метод на тивка национализација на банките или јакнење на учеството на капиталот на држвата во структурата на капиталот на банките. САД со три илјади милијарди долари буџетска интервенција, ЕУ со триста милијарди евра и т.н. тоа само го потврдуваат. Со тоа тие добиваат нагласено место во одлучувањето на банките и во нивното идно работење. Овие мерки, иако се надвор од суштината на капиталистичкиот систем на работење, се со цел за краткотрајна стабилизација на работењето на банките и приватниот сектор за да може да воспостави механизми на доверба и за натамошно работење и самоодржување. Изгубената доверба во системот тешко се воспоставува.

Всушност промените се долгорочни и длабоки. Колку е сериозна кризата потврдуваат зборовите на поранешниот директор на Федералните резерви[1] кој оценува дека: „кризата е рамна на цунами во финансиската сфера, што се случува еднаш во векот." Излезот од оваа криза се настојува да биде пред сè монетаристички, со финансиска интервенција на државата. Тоа ја менува суштината на капитализмот, иако формата на интервенција останува: финансиско мешање на државата во економијата. Објаснувањата за привремениот карактер на овие интервенции што беа давани од одделни претставници на држави беа поткрепувани со потребата за зголемување на ликвидноста на банките. По стабилизирање на финансиските текови државата планира да ги продаде акциите односно да си го поврати капиталот што го вложува во банките. Карактерот на мерките се објаснува дека е вонреден заради вонредната состојба што се предизвикува од кризата.

Всушност со овие интервенции се прави прераспределба на националниот производ на државите. Од една страна се одземаат средствата од даночните обврзници за да се насочат во сектори и гранки кои се најдрастично погодени од кризата, а тоа се пред се банките, глобални компании поврзани со нив, додека се занемаруваат социјалните елементи на кризата.

Кризата не ги погодува само банките туку сите сегменти во општеството. Државите се сконцентрирани кон брзо совладување на негативните

---

[1] Alan Greenspan, поранешен директор на Американските федрални резерви, институција што има улога на централна банка во САД, на 23.10.2008, Ројтерс.

ефекти од кризата но при тоа се занемраувааат социјалните потреби и барања на луѓето. Всушност кризата не е само економска и финансисика таа станува пред сè социјална, политичка и длабока општествена.

Тие процеси се поврзани, исто онака како што пазарот ги поврзува елементите на понудата и побарувачката и преку рамнотежата на истите се воспоставува стабилност на економиите. Отсуството на стабилност во решавањето на социјалниот сегмент на кризата не може да додведе до стабилност ниту на другите сегменти од општеството. Врз основа на социјалните дизбаланси се појавуваат влијанија на радикални идеологии кои повторно заговараат поделби и прераспределби што води кон сукоби и војни.

Се чини како да се повторува историјата, исто онака како што Големата економска криза ги овозможи и предизвика национализмите и војните и сегашнат криза во отсуство на социјална стабилнот ги потхранува да се раѓаат: фашизмите, десните националисти, ксенофобите, популистите кои се хранат на бесот и гладот на сиромашните луѓе. Тоа ќе ја зајакне нивната позиција и деструктивност што води кон продлабочување и подолго траење на кризата.

Многу е лесно да се поттикне бесот кај луѓето кога ќе сфатат дека и со нивни пари се плаќаат лакомоста на банкарите и нивните погрешни деловни политики, како и високите плати и бонуси. Таквиот бес ако излезе од контрола води кон социјални потреси и социјални револуции кои завршуваат со војни.

Затоа во решавањето на последиците од кризата неопходно се наметнува потребата за откривање на социјалните сегменти и нивно ставање во преден план. Социјалната сфера во почетните фази не доминира, но продлабочувањето на кризата ги исфрли на површина социјалните проблеми кои влијаат на натамошно нарушување на системите и натамошно продлабочување на кризата. Без решавање на прашањата поврзани со работните, животните и општествените услови на луѓето нема да може да се обезбеди излез од кризата. Негативниот одраз од истата манифестиран преку, невработеност, пад на животниот стандард, раст на цените на енергијата, на храната и на сите потреби неопходни за живот, појава на глад, уште повеќе алармираат на потребата од синхронзирано делување на државите, надлежните меѓународни органи и институции во брањето на решенија за излез од кризата.

Кризата предизвика социјални промени кои не може да се занемарат и истите мора да се разгледуваат при креирањето на мерките и политиките

за решавање на проблемите кои сè почесто се изразуваат. Намалените плати, скратување на работното време и неангажирањето на работниците, затварање на фабрики и разни претпријатија, води кон пад на животниот стандард, до глад, промена на квалитетот на живеење и креирање на неповолни социјални состојби.

Најавите дека се можни драматични случувања со отпуштања на над 30 милиони работници[2] до крајот на оваа година како резултат на финансиската криза значи зголемување на армијата на гладните и социјалните случаи и смален раст на светското стопанство. Се проценува дека најмногу погодени ќе бидат секторите на финасиски услуги, градежништвото, недвижностите и индустријата за автомобили и друго.

Невработеноста во светски рамки и во Европската унија се очкува дека и натаму ќе расте. Секоја од прогнозите на ООН станува се понегативна и подраматична и ги отсликува реално негативните трендови во кои се наоѓа економијата во светот. Дури и во најразвеините земји како во САД и во Европа невработеноста достигна близу или над 10%, а во одделни земји од ЕУ е и над 17% (Шпанија). Загрижноста е се поголема со оглед дека опоравувањето од кризата според проценките од Европската унија не се согледува до 2011 година. ООН прогнозираа натамошно намалување на глобаниот бруто производ за минус 2,6%, во 2009 година, со проценка дека дури во 2010 година е можно благо зајакнување на растот, ако се стабилизираат финасиските пазари и стимулативните мерки на владите започнат да даваат ефекти[3].

Како што кризата на глобалните финасиски пазари е предизвик што не може да го реши сама ниту една држава, исто така и социјалната сфера е предизвик кој треба да се решава за да не ескалираат негативните ефекти кои може да доведат до пошироки потреси во државите и на глобален план.

Заради спречување на социјалната криза која се претпоставува дека може да биде тешка и долготрајна потребна е координирана акција на владите и државите во рамките на мултилатералните системи со цел за излез од истата. Светот е соочен со глобална рецесија која ја препознаваат и лидерите на најразвиените земји и кои се свесни дека без глобално и синхронизирано делување нема можност за излез од кризата. Таа би се прелевала од држава во држава, од континент на континент и на крај во глобална форма би го довела светот во криза, без преседан во човековата историја.

---

2 Проценки на Меѓународна организација на трудот и ММФ

3 Проценки на Одделот на ООН за економски и социјални прашања, мај 2009

Споредбите со кризата од триесетите години се само индикатор дека можноста за глобална криза реално постои, но сега, заради глобалноста на пазарите, нејзината сложеност и длабочина би била покомплесна, а мерките и инструментариумите не зависат само од националните влади, туку од меѓународната соработка во барањето на решенија за излез од таква глобална криза.

Кризата постепено го добива обликот на голем вител, кој внесува се во себе и го потонува, без да се согледа каде е дното. Објаснувањето може да биде и во обратна перцепција, односно кризата е како торнадо кое преврува и руши се што ќе му се најде на патот. Таа разорна моќ на кризата секако дека ќе ги заборави остварувањето на развојните приоритети за кои се заглагаат владите и меѓународните институции, ќе го запре реализирањето на милениумските развојни цели, на прашањата од Агендата 21, на стратегиите за намалување на сиромаштијата и за зголемување на вработеноста. Ваквиот исход е заради обратноста на процесот кој ќе предизвикува длабоко негативни екстерналии за кои ќе требат нови стратегии, многу средства и нови концепти за излез од кризата.

Од таму може да се оцени дека е неопходен нов светски финансиски поредок, со цел да бидат спречени финансиски и реални кризи во иднина. Тоа значи дека мерките кои сега се превземаат не се еднократни и само санациони, туку се фундаментални и насочени кон оформување на нов систем што треба да обезбеди стабилност и ефикаснот на долг рок.

Токму затоа е потребно да се променат улогата и надлежностите на ММФ и Светска банка кои треба да добијат нова зајакната позиција во рамките на светските финансиски текови. Добивајќи зајакната позиција, па и сериозни регулаторни механизми, Меѓународниот монетарен фон и Светската банка ќе може да ги применуваат во насока на превентивно делување како би се спречило крахирање на финансиските и другите пазари. Исто така со зајакнување на улогата на Европската централна банка, Европската бнака за обнова и развој и други регионални финансиски институции, всушност се оцртуваат контурите на новиот светски финансиски поредок за кој се договараат развиените држави, а во насока на спас на банкарскиот и финансиските системи во развиените земји.

Всушност глобалниот капитализам, глобалната економија, глобалните финасиски и реални пазари неопходно бараат и нови глобални правила, но и глобални институции кои ќе ги регулираат глобалните пазари и процеси. Тука ориентација е кон зајакнување на регулаторните механизми на

самите држави, односно нови принципи на интервенција на државата во услови на пазарно работење, со што се овозможува опстојувањето на самиот општествен капиталистички систем, како и меѓународни регулатори на кои државите ќе им пренесат дел од ингеренциите за воспоставување стабилност во оваа сфера.

Глобалните мерки што се оформуваат за финансиската сфера предвидуваат: 1. создавање на глобален систем за рано предупредување со цел за спречување на идни можни кризи; 2. прифаќање на стандарди за регулација и контрола базирани на меѓународна основа; 3. ефикасно трансгранично набљудување на 30-те најголеми светски мултинационални компании; 4. соработка и усогласени дејства на државите во услови на криза; 5. подигнување на нивото на гаранцијата на депозитите во банките.

Во делот на финансиите неопходна е зголемена контрола на банките од страна на монетарните власти во државите. Монетарната власт мора да биде целосно самостојна и во функција на одржување на ценовата стабилност, но и со зајакната контрола на банкарскиот систем во склад со принципите и критериумите кои постојат за нивното работење и се основ за постојните меѓународни стандарди. Тоа значи предвидување на идните постапки кои нема да го ограничат банкарското работење, но не треба да се дозволи падот на банка да го сруши и социјалниот систем односно да ги загрози граѓаните и нивните имоти.

Со специјализација на банките и со отварање на нивното работење во форма која ги прави достапни за системот и за стопанството можно е да се зголеми нивната одговорност во форма на корпоративна општествена одговорност. Банките како што се оформени се пазарни субјекти кои се одговорни пред нивните комитенти и не се должни да водат сметка за социјалните потреби. Банкарскиот систем и банките како субјекти се надвор од граѓанската или од парламентарната контрола. Нивното оттргнување од реалноста, осамостоени и независни ги прави нечувствителни за социјалните последици кои може да ги предизвикаат банкарските негативни пласмани или лошото работење. Од таму треба да се има предвид и социјалниот аспект што се јавува како последица од ваквата позиција и работењето на банките и да се изградат мехнизми кои нема да ја стеснуваат банкарската активност, но нема ни да ги дозволуваат социјалните последици од некоректното банкарско работење. Ако е сектор со највисок раст во приходот и логично со највисоки плати (а што му е овозможено со системски прописи), тоа не значи дека треба да има најмала одговорност во однос на

социјалните процеси со оглед дека и банкарскиот систем е во рамките на општествениот систем и е дел од него. Според тоа банкарскиот систем треба да биде прилагоден во функција на раст и развој на општеството, а не за негово искористување и доведување во економска и социјална криза.

Мерките што во одделни држави се заговараат се: да се контролираат не само пласманите од аспект на ризичноста, туку и контрола на приходите и провизиите кои банките ги наплатуваат со оглед дека создаваат форма на постојано ѕидање на трошоците и расходите. Ограничувањето на приходите на банките преку лимитирање на провизиите кои ги наплатуваат, особено во делот на платниот промет, одржувањето на ликвидноста, нивото на салдото и слично станува потреба за да се ограничат трошоците кои тие ги наметнуваат во вкупното работење на стопанските субјекти и граѓаните, а кои доколку не би се ограничувале стануват приход на банките кој не е резултат на нивното работење туку на позицијата што ја имаат во управувањето со капиталот кој исто така не е нивни.

Со мерките кои се применуваат од страна на државите за санирање на последиците од кризата негативното работење на банките се социјализира, односно цената ја плаќаат сите преку државните субвенции за банките. Тоа најмногу ги погодува социјално најзагрозените граѓани со оглед дека се занемаруваат нивните потреби за сметка на повисоките системски потреби и се прелеваат парите на даночните обврзници кон санирање на дубиозите на банките[4]. Затоа за излез од кризата треба да се овозможи пласирање на кредити со пониски камати, со намалување на есконтната стапка на централната банка, но и со субвенции на каматите кои комерцијалните банки ги даваат за инвестиции во претприемнички зафати и за мали бизниси кои значат самовработување и решавање на социјаните барања на невработените граѓани.

Поттикнувањето на нови бизниси и на продуктивни инвестиции е основ за остварување на социјален статус на дел од населението и за излегување од зоната на социјална исклученост поради невработеност. Во тој контекст и зголемени даночните олеснувања за нови вработувања ќе значат основ и силен поттик за решавање на социјалните барања на младите невработени лица, а особено за стручните кадри. Зголеменото оданочувањето

[4] Треба да се има предвид дека слични мерки беа применети и во Република Македонија кога заради транзицијата и трансформацијата ненаплативите побарувања и негативните пласмани содржани во билансите на банките беа пренесени на Агенцијата за санација на банка која пак во подог период ги сервисираше овие пласмани од буџетски извори, а потоа беа преземни целосно од државата.

на луксузните производи кои не се произведуваат во државата ќе значи основ за поголеми фискални приходи кои можат да се наменуваат за инвестиции на локално ниво, за отварање на нови работни места и за локален развој.

Намалувањето на трошоците на државата, трошоците за администрацијата, за одделните функции со одлагање на набавки кои не се продуктивни и насочување на државните средства кон покривање на општите услови за стопанисување и за поттикнување на домашните и странски инвестиции значат основ за совладување на негативните трендови и излез од кризата. Со зголемување на контролата на цените на јавните добра и на услугите кои ги обезбедуваат јавните претпријатија се овозможува полесно поднесување на ценовниот товар и трошоците за социјално загрозените слоеви на населението.

Со инвестирање во подобрување на енергетската ефикасност, производство и заштеда на енергија, со инфраструктруни инвестиции и инвестиции во јавниот транспорт, во станбена иозградба се постигнува ангажирање на градежната оператива која со себе повлекува активност во околу четириесет индудстриски гранки со што се јакне побарувачката, а преку тоа се содава работа и се отвараат нови работни места. Тоа на подолг рок ја динамизира стопанската активност и го одржува нивото на раст, кој пак позитивно влијае на мултипликацијата на ефектите од инвестициите.

Постојат и други сфаќања кои се разликуваат од она што го заговараат владите на државите со пазарна економија. Имено, заговарањата кои одделени социјални групи ги изразуваат се во насока: државата да се откаже од санирање на банките и нивите ризични пласмани и да го насочи капиталот кон гарантирање на основните приходи на населението, да ги осигураат општите јавни услуги како домувањето, снабдувањето со вода, струја, здравствени услуги, образование, детска грижа, транспорт и други јавни и комунални услуги со што граѓаните, а собено оние кои се во состојба на социјален ризик да бида згрижени од негативните влијанија на кризата. Во исто време се бара да се репрограмираат обврските на граѓаните кои имаат долгови кон банките и да се олесни нивниот хипотекарен товар доколку го имаат. Вработувањето да го превземе државата со основање на јавни претпријатија под нејзина контрола, а да се зглеми ефикасноста и вработеноста во постојните јавни претпријатија. Залагањата се и за укинување на ММФ, Светската банка и СТО, укинување на доларот како резерва меѓународна валута и воведување на единствена светска валута,

насочување кон локален развој, а не кон извоз, воспоставување на самодоволност на државите во прозиводството на храна и т.н. Вавите барања за социјализација и јакнење на улогата на државата со директна интервенција и автархичност во развојот потсетуваат на претходните системи кој заради економската неефикасност станаа неодржливи.

Очигледно е дека кризата ги буди спомените на системот кој од социјален аспект беше наклонет кон социјално послабите, но од економски аспект не можеше да се репродуцира. Јакнењето на барањата за враќање на старото се дел од социјалниот мозаик на различности кои сепак треба да се согледаат и компарираат во контекст на одржливоста на економско-социјалниот развој на долг рок.

Факт е дека, иако е несовршен, пазарот влијае на ефикасната алокација на ресурсите, и, преку тоа, на можноста на субјектите да избираат и да се мотивирани во инвестирањето односно за реализација на нивните бизнис планови и идеи. Мотивацијата што се покренува преку пазарот го придвижува економскиот раст и развој со што поединецот бара решенија преку сопствено претприемничко ангажирање да ги активира знаењата, капиталот и ресурсите кои му стојат на располагање. Поддршката од државата е неопходна, како на национално, така и на локално ниво, како и од системот преку содавањето на општиот амбиент и условите за претприемничкото ангажирање.

Како кризата се одразува во Република Македонија. Со оглед дека се работи за мала отворена пазарна економија, без илез на море, со традиционално насочена економска соработка кон европските држави логично е прелевањето на негативните ефекти на кризата да се случи и во Република Македонија. Прашањето е во кој обем и до кое ниво, како и колкав период ќе биде потребен да запре влијанието на кризата и да започне економски и социјален раст. Социјалните аспекти на кризата изразени преку падот на бруто домашниот производ и стапката на индустриско производство, намалување на надворешно-трговската размена со поголем пад на извозот, раст на негативни показатели упатуваат на јачината на ова прелевање и на формите на кризата. Имено, невработеноста се одржува на високо ниво од околу 32%, се зглемува учеството на неформалната економија во создавањето на бруто домашниот прозивод и достигнува над 45%, дефицитот во размената се зголемува, стапката на сиромаштијата расте.

Последиците од кризата стануваат се поочигледни со оглед дека се ограничуваат можностите за нови вработувања, се намалува можностите за опфат на младите генерации во работниот процес со што се губат ефек-

тите од знаењето, еланот, а работната енергијата и ресурсите остануваат неискористени со што се продлабочува социјалната беда. Доаѓа до ерозија на работната етика, до колапс на средната класа, дезинтерграции на смејните врски како и други негативни социјални појави. Воздржувањата од склучување на бракови, од раѓања деца и зголемувањето на разводите се исто така дел од серијата индикатори за социјалните потреси кои се случуваат во македонското општество. Социјалната нестабилност која се изразува се заканува да ги загрози економските и развојните процеси и да го намали долгорочниот економски и кадровски потенцијал на државата, со што се ограничуваат нејзините потенцијали за раст и развој.

Затоа е неопходно на државно ниво да се согледува и посебно да се потенцираат социјалните аспекти на современите промени посебно во поглед на условите на пазарот на трудот и во однос на социјалната стратификација. Обезбедувањето на соодветно разбирање на овие процеси како и постојано следење на социјалното влијание на кризата е значајно за благовремено реагирање на највисоките управувачки нивоа во дизајнирањето на мерките за справување со кризата.

Македонската економија мора да се преструктурира за да се прилагоди на современите трендови и барања што ги наметнува пазарот и потребите на луѓето. Но тоа бара и заштита на социјално ранливите групи, кои, како резултат на преструктурирањето остануваат без работа. Намалувањето на сиромаштијата и подобрувањето на животниот стандард бараат рапидни промени во нивото и стапката на економски раст и развој. Со значителен обем на јавни средства неопходно е да се остварува процесот на преструктурирање на економијата и на компаниите во насока на градење на конкурентни фирми кои можат да опстојуваат во пазарните натпревари. Ограничените инвестициски потенцијали и скудноста на странските директни инвестиции го успоруваат процесот на преструктруирање, а со тоа и заостанувањето во развојот станува поголемо.

Од таму инвестирањето во јавни работи, во објекти на инфраструктура, во продуктивни инвестиции и изградба на социјална мрежа што ќе го поттикнува вработувањето се дел од механизмите кои стојат на располагање како за справување со кризата така и за намалување на социјалните последици од кризата. Со долгорочна развојна стратегија и со краткорочни инвестиици кои ја јакнат продуктивната потрошувачка и инвестициите се овозможува поголемо ниво на задоволување на социјалните брања и поголемо вработување.

Покрај економските мерки и механизмите за социјална заштита и социјална сигурност базирани на системските прописи, неопходна е социјална кохезија на актерите во сите домени на општественото живеење. Дефинирањето на национални приоритети и остварување на социјален развој базиран на социјални стратешки цели, со примена на активни политики и мерки, го обликува можниот амбиент на остварувања на развојните цели во специфичните економски и социјални услови. Стимулативните механизми базирани на фискална основа, како и признавање на социјалните потреби во услови на криза ги јакнат националните политики за интегрирање на мерките и за постигнување на поголеми ефекти. Излезот од кризата ниту е лесен ниту едноставен, може да трае со години и од таму е потребата од прилагодување и помагање на социјално најранливите групи, како и градење на политкики кои во основа ќе тргнуваат од социјалните проблеми што ги предизвикува кризата и од барањето на решенија за истите.

(Рецензент: *проф. д-р Христо Карталов*)

## ЛИТЕРАТУРА

Ban Ki-Moon: World Economic and Social Survey 2008: Overcoming Economic Insecurity, United Nations Publications, 2008 ISBN 9211091578, 9789211091571

James Louis Garvin: The Economic Foundations of Peace, Published by BiblioBazaar, LLC, 2008 ISBN 0559448392, 9780559448393

By Chris Flavin, Gary Gardner, Thomas Prugh, Linda Starke: State of the World 2008: Ideas and Opportunities for Sustainable Economies Published by Earthscan, 2008 ISBN 1844074986, 9781844074983

World Bank: World development report 2009: reshaping economic geography Published by World Bank Publications, 2008 ISBN 0821376071, 9780821376072

Commission of the European Communities: The European Economic Recovery Plan, Brussels, 2008 COM (2008) 800 final.

Jovan PEJKOVSKI

**Summary**

Financial crisis that start in USA in 2008 very fast was spread around the globally linked markets transforming itself from financial into global economic crisis. Taking over the real economy the crisis was positioned as limited factor for economic and social survivals. The questions are raised: could the crisis in the further processes will be transformed from financial and economic into social crisis and crisis of the systems. This possible transformation will put in question the basic principles of the real economic's and everyday activities on which the market economies are based.

Which are the possible solutions for solving the crisis and how the impacts of the crisis are considerate from the point of different states? These are the main issues which are presented in this article. Through analysis of the changes of some economic and financial parameters, and also based on the expression of some social situations and risks that become evident could be seen the directions in which the state could be driven in searching for possible solutions.

**Key words**: crisis, economic and social, solutions for solving the crisis, systematic impacts and limits.